РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број / Numer: 08-132
17.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известувањето за престанок на емитување на радиопрограмскиот сервис преку радиофреквенции од Република Северна Македонија – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од 03.04.2025 г., Изјавата, број УЗП 1128/2025 од 10.04.2025 г. (наш Уп1 бр.08-129 од 11.04.2025 г.) од овластено лице – ректор на Државниот универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” Штип и Заклучокот арх.бр.02-1752/4 од 16.04.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 17-та седница одржана на 16.04.2025 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Република Северна Македонија – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Република Северна Македонија – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ (во понатамошниот текст УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ), е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-135 од 07.09.2023 г., кој емитува програма преку терестријален предавател - радиофреквенции, на локално ниво на подрачјето на општина Штип, програмски сервис наменет за студенти, на македонски јазик.

На 03.04.2025 г., на официјалната електронска адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, достави Известување дека ќе престане со емитување на радиопрограмскиот сервис преку радиофреквенции (91.0 MHz) и ќе продолжи да емитува онлајн во дигитална форма. Во прилог на известувањето беше доставена Одлука за промена на форматот на Универзитетското радио УГД-ФМ од традиционална во онлајн дигитална форма, арх.бр.0201-281/3 од 28.03.2025 г. донесена од Универзитетскиот сенат на Државниот универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” Штип, согласно која промената произлегла од потребата за зголемена дигитализација и модернизација на радиото во сопственост на Универзитетот. Имено, новите дигитални медиуми (нов и ребрендиран веб сајт за млади, нови платформи на социјалните мрежи, вклучувајќи TikTok, како и нови Facebook и Instagram профили, канал за комуникација преку Viber заедница, видео подкасти и сл.), привлекувале значително поголем број активни следбеници, како и студенти, во споредба со универзитетското радио кое не можело да

ја постигне оваа бројка на следбеници, поради што понатамошното инвестирање во пренос преку радиофреквенции било неисплатливо. Во известувањето беше наведено и дека во најкус можен рок овластеното лице – ректорот на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ ќе достави изјава заверена на нотар, во која ќе биде наведено дека УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, престанува со емитување на радиопрограмскиот сервис преку радиофреквенции, со наведување на точен датум на престанок со емитување на радио програма.

На 11.04.2025 г. на официјалната електронска адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата од УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, беше доставена Изјава заверена на нотар број УЗП 1128/2025 од 10.04.2025 г. (наш Уп1 бр.08-129 од 11.04.2025 г.) од овластено лице - ректор Проф. д-р Дејан Мираковски, дека Република Северна Македонија – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од 14.04.2025 г. престанува со емитување на радиопрограмскиот сервис преку радиофреквенции (91.0 MHz). Наведениот радиодифузер нема долг кон Агенцијата по основ на годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на imателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираната писмена Изјава од овластено лице – ректор на Државниот универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" Штип, исполнети се законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот, Република Северна Македонија – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., Известувањето од 03.04.2025 г. за престанок на емитување на радиопрограмскиот сервис преку радиофреквенции од Република Северна Македонија – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од 03.04.2025 г., Изјавата, број УЗП 1128/2025 од 10.04.2025 г. (наш Уп1 бр.08-129 од 11.04.2025 г.) од овластено лице – ректор на Државниот универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" Штип и Заклучокот арх.бр.02-1752/4 од 16.04.2025 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**
**_______________________**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- РСМ – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ;
- Овластено лице – ректор на РСМ – Државен универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.